

# АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ НА ЈАБЛАНИЦА

## *Вовед*

Планината Јабланица поседува непроценливо природно богатство.Таа е облагородена со извонредни предели во кои чистиот воздух предизвикува вистинско уживање. Расчленетиот релјеф, проткаен со бројни форми, различните идилични пејсажи и колоритот на вегетацијата оваа планина ја определува како една од најатрактивните во овој дел од светот. Тоа е причина повеќе да ја заштитиме и да ја оставиме во наследство на идните генерации. Нејзиното прогласување за национален парк е првичниот исчекор во оваа насока. Од прогласувањето на планината Јабланица за нацонален парк корист треба да извлече целото општество, а посебно локалното население. Придобивките треба да се бараат во различни области. Меѓу нив туристичкиот развој заслужува посебно внимание.
Преку туристичката посета се остварува отворањето на планината кон љубопитните очи на добронамерните посетители.

Туризмот претставува можност за користење на заштитените подрачја на одржлив начин. Тоа е во исто време начин да се користи, штити и унапредува животната средина, богата со извонредни природни и внесени (од човекот) содржини и елементи.
Развојот на алтернативните форми на туризам е посебно заначаен во подрачјата во кои постои автентична природа и културно наследство врзани со можности за рекреација, културни доживувања и забава.
Алтернативните развојни форми не се спротиставени на основните туристички видови туку претставуваат компонента на взаемништво. Покрај изборноста на активностите што ги даваат алтернативните видови туризам, овие форми претстава фактор на вкупниот развој на просторот и туризмот

*Зарем да не се искористат можностите за посета и уживање на природните вредности на Јабланица?*



како дел од развојните компоненти. Исто така, тие се и фактор за развој на основните форми, а ја потикнуваат вкупната посетеност на регионот. Меѓутоа, за разлика од масовниот туризам во кој посетеноста има концентриран карактер, алтернативното зголемување на посетеноста има дисперзивно значење, односно туристите се распоредуваат на повеќе локации. Алтернативните форми на туризам се фактор кој овозможува вклучување на различни сегменти на туристичката побарувачка. Имено, на овој начин различните афинитети на туристичката клиентела можат да најдат атрактивни содржини. Така ќе ги задоволат своите барања сврзани со забележителна пробирливост.

Преку алтернативните форми на туризам се овозможува поддршка во напорите да се заштитат егзотичните средини, ретките колорити на пределите, недопрената природа, традиција и култура и да се активираат преку нивна посета.

Планината Јабланица се наоѓа во фаза на прогласување на национален парк. Интересните геоморфолошки структури, чистиот воздух и климатските услови, хидролошките и хидрографските посебности и извонредниот биодиверзитет, како и културното наследство се основа за преземање на ваквата иницијатив. Но, тие се и најзначајните атрактивни ресурси за развој на алтернативните форми туризам. Богатството на просторни потенцијали е извонредна можност за разновидни туристички активности кои идат во прилог на прогласувањето на оваа планина за национален парк.

Значењето на туристичкиот развој и занимањето со туристичка дејност за локалното население во рамките на прогласувањето Националнот парк Јабланица треба да се претстави и пред да се донесат законските решенија. Во функција на определување на местото и улогата на туризмот во заштитени подрачја како фактор од интерес на локалното население се и активностите кои ги презема стручната и научната јавност. Една од тие активности е и кампањата на запознавање на локалното население за придобивките од



вклучување во туристичката дејност. Со оглед на тоа дека во заштитените подрачја на животната средина и посебно во националните паркови не треба да се развива масовен туризам, туку форми кои ќе ги почитуваат стандардите кои се воспоставуваат во нив, неопходно е да се објаснат карактеристиките на алтернативниот туристички развој и одржливото искористување на ресурсите во заштитената животна средина. Во тој контекст неопходно е да се објаснат потребните преземања во насока на алтернативниот развој, да се посочат успешни примери и да се подредат развојните приоритети. Локалното население треба да се запознае со карактеристиките на секој алтернативен вид туризам посебно и со специфичните карактеристики кои ги поседува.

Изготвувањето на Прирачник, во кој ќе бидат опфатени содржините на можните алтернативни форми туристички развој во подрачјето на Националниот парк Јабланица, овозможува локалното население да се стекне со информации и знаења кои ќе ги искористи во креирањето на својата понуда. Тоа ќе може да добие препораки како да го уредат вишокот на стамбен простор и другите ресурси за сместување.

Прирачникот упатува на начините и можностите во користењето на ресурсите за исхрана и пијалоци, низ начини на подготвување и послужување, да ги искористат можностите на понуда на содржини за секоја алтернативна понуда посебно, да се вклучат во водичките и другите логистички активности, меѓусебно да се организираат, да најдат место во базата на податоци и информационите и дистрибутивните системи



# Јабланица

## развој на алтернативен туризам



и да остварат соработка со менаџментот и другите чинители во Националниот парк Јабланица.

Прирачникот е наменет, пред се да овозможи успешни обуки на локалното население за занимавање со туристичка дејност. Него ќе го користат тие што сакаат да се оспособат за/и туристичката дејност да ја обавуваат на професионален начин. Тоа значи дека локалното население е ставено во прв план. Но, тој содржи и интерес кој во неговото користење ќе го најдат и вработените во туристичките агенции, туристичките водичи, аниматори, членови на здруженија, клубови и асоцијации (планинарски, алпинистички, спелеолошки, еколошки, љубители на природата), даватели на угостителски и сообраќајни услуги и широка публика заинтересирана за ваква проблематика.



## Еко-туризам

### Основни определби, можности и карактеристики

Еко-туризмот претставува современа форма на туристичка алтернатива. Таа произлегува од суштествената потреба на човекот за враќање кон природата, во услови кога под наплив на урбанизацијата и индустријализацијата доаѓа до потиснување на „чистата природа". Се поретки се можностите да се биде во простор со автентични вредности. Така туристите се потикнуваат за посета и престој во средини во кои екосистемите како вредност претставуваат основа за заштита. Заштитените средини се пак подрачја во кои постојат потенцијали за еко-ѐуристички активности.

### Одржливост на развојот

Планината Јабланица, сеуште е една од ретките просторни целини во Р. Македонија која поседува зачувани природни и културни вредности. Тоа значи дека прогласувањето на оваа планина за национален парк и развојот на еко-туризмот се во взаемна врска. Прогласувањето на Јабланица за национален парк и развојот на еко-туризмот како алтернативна форма на туризам се во функција на зачувувањето и заштитата на вредностите на планината Јабланица.

Еко-туризмот треба да се дефинира како туризам на заштитени подрачја што значи дека со прогласувањето на Јабланица за национален парк се создаваат услови за посета на туристи во различните зони на планината.

- *Екотуризам претставува посета на природни подрачја со одговорност кон животната средина, со цел уживање и почитување на природата (и сите културни одлики од минатото и сегашноста) со што се промовира заштита на подрачјето, има мало влијание од посетителите и обезбедува повластено и активно социо-економско учество на локалното население (IUCN- Светска унија за заштита).*

Исто така, еко-туризмот се врзува и за појави и односи кои се со посебни норми определени како специфични заштитени вредности. Такви се Посебниот природен резерват Луково, Одделни растителни и животински видови надвор од природните резервати во Дреночка Река, Спомениците на природата Вевчанските Извори, пештерата Вевчански Извори и Вевчанското Езеро, дабовите стебла во Луково и платаните во Вевчани.
Вака се вреднувани во актуелниот Просторен план на Р. Македонија. Но, ваков третман заслужуваат и Подгоречкото и Лабунишките езера и буковите комплекси на оваа планина кои не се категорисани на овој начин. Вака се вреднувани во актуелниот Просторен план на Р. Македонија. Но, ваков третман заслужуваат и Подгоречкото и Лабунишките езера и буковите комплекси на оваа планина кои не се категорисани на овој начин.

Еко-туристички атрактивни карактеристики има органското производство на храна и начинот на нејзиното подготвување и служење. Во овој контекст се наоѓаат автентични специјалитети на храна и пијалоци како „здрава храна". Ваков третман имаат и шумските плодови, богатството на ароматични чаеви и разновидни печурки.

Развојот на овој вид туризам има рекреативни карактеристики сврзани со движење и престој во природни предели богати со чист воздух и ретки егзотични средини.

Културниот карактер на еко-туризмот е содржан во облагородувањето на личноста на посетителите преку посебноста и егзотичноста на еколошките форми и содржини.

Еко-туризмот овозможува образовни и воспитни активности кои се однесуваат на запознавање со меѓусебна зависност и влијание елементите на екосистемите и нивната стабилност. Преку престојот во рамките на овој туризам се овозможува средба со ретки појави и односи сврзани со карактеристиките на ваква животна средина.

Еко-туризмот на ова подрачје има научно-истражувачки карактер преку можностите за добивање на нови сознанија за појавите и процесите во животната средина. Еко-туризмот како алтернативна форма на планината Јабланица има забележителна основа со оглед на тоа дека веќе посочивме и посебни издвоени содржини кои се проектирани како заштитени подрачја, локалитети и објекти. Во прилог оди и фактот на сеуште сочуваните вредности на природата без забележителни загрозувања. Сепак треба да сфатиме дека прогласувањето на Националниот парк Јабланица и развојот на еко-туризмот се инструменти во рацете на локалното население во справувањето со проблемите кои претставуваат реална опасност од губење на вредностите. *Локалното население треба да знае дека предупредувачки еколошки проблеми се примерите со прокопувањето на брегот на Лабунишкото Езеро и непланската градба во високопланинскиот атар на Подгорци и Лабуништа и не одат во контекст со еко-туристичкиот развој.*

Во досегашниот период постојат определени форми на еко-туристички посети. Како пример може да се наведе посетата на вевчанскиот еко-туристички комплекс, излетите до глацијалните езера и традиционалните походи на Парумба, Четвртојулски од Подгорци, Св. Павловски од Подгорци и Петровденски од Лабуништа. Во Вишни постои планински дом, а во Г. Белица хотелски капацитет кој треба да се реновира, активира и категоризира согласно Законот за угостителска дејност да се организираат не само излетнички и екскурзивни, туку и престојни, како на пример „школа во природа“.

Еко-туризмот треба да се унапредува со вклучување на сите еко-туристички ресурси и организациски активности. Не постојат посебни проблеми кои би го спречиле развојот.

Успешни примери за ваков развој можат да се најдат во најголем број национални паркови во Европа и во светот. Како изразито успешни можат да се посочат еко-туристичките активности во Националнот парк Енгадин во Швајцарија или во Јелоустоун Националниот Парк во САД. Но, успешен пример е и еко-туризмот во Националнот парк Пелистер во кој се изготвени и посебни програми како оној на Швајцарската агенција за развој, во соработка со Пронатура.

## Насоки за реализација (од идеа до реализација)

Развојот на еко-туризмот на планината Јабланица е поврзан со преземање на неопходни конкретни активности кои редоследно треба како чекори да се преземат:

- самото донесување на закон за прогласување на Јабланица за национален парк и определување на зоните на заштита се надоврзува на веќе планираните заштитени подрачја локалитети и објекти. Тоа е инспиративна основа да се продлабочи интересот за занимавање со екотуристички активности кај локалното население;

- локалното население треба да има активен однос при утврдување на еко-патеки и нивното обележување и опремување со информативни табли. Информативните табли со картографско претставување треба да се поставaт во Струга, Радолишта, Вишни и Горна Белица, Вевчани, Подгорци, Лабуништа, Боровец, Јабланица, Луково и Дренок.

- во почетокот на еко-туристичката активност треба да се изврши обележување на еко-зони, зони на посебна заштите и ретки појави и односи и нивно уредување за презентација. Тоа се веќе споменатите просторно -плански заштитени локалитети и објекти. Потоа ќе следат јасно дефинираните заштитени вредноси со просторниот план на Националниот парк и законската регулатива.

- едукација на ренџери, водичи и презентери и формирање на служба за помош во посетата на еколошките атрактивности. Ваква активност е завршена на Пелистер, а во тек е во Националниот парк Галичица.Тоа се успешни примери од непосредна близина.

- формирање на еко-центар за информативна и едукативна дејност, симулации и презентации на еколошките содржини. Пример наоѓаме во Леринско Р. Грција каде со помош на странски донатори е формиран еден од најрепрезентативните еко-туристички центри во Регионот;

- средување на локалитети за пикници и другарување со цел да се избегне неконтролирано одлагање отпадоци. Пример за тоа се Копанки на Пелистер;

- утврдување на услови за подготовка и конзумација на еколошка храна и пијалоци. Ова треба да се направи со примена на регулативата за органско производство на храна и примена на современите стандарди.

- да ги уредат сместувачките капацитети според хигиенските и санитерните стандарди;

- давателите на услуги од локалната средина треба да се организираат, да формираат база на податоци, информатички да ги обработаат и презентираат и да склучат договори со туристичките агенции.

- да преземат промотивни активности за својата и еко-туристичката понуда.



## Улога на локалното население во функционирањето на еко-туристичките активности

Локалното население како развоен фактор на еко-туризмот е од голема важност затоа што тој е во тесна врска со условите на живот на локалното население. Заштитената животна средина претставува основна погодност за одвивање на животните процеси. Локалното население покрај здравствено-рекреативните придобивки од развојот на екотуризмот претставува и фактор на неговото функционирање. Придобивките треба да се бараат во следниве ангажирања:

- Најрационално е ако менаџментските, ренџерските, водичките и презентерските активности ги обавуваат едуцирани, доедуцирани и квалификувани жители од локалната средина. Имено, високите планини често се соочуваат со проблемот на недостиг на локално население кое би учествувало во давањето туристички услуги. Типски пример за тоа е планината Пирин во Р. Бугарија. Овде менаџери и извршители се бараат во окружувањето, во големите центри или дури и надвор од државата;
- понуда на услови за сместување и исхрана во соодветно уредени и опремени простории;
- занимавање со посредничка дејност;
- транспортни услуги;
- вработување во угостителски капацитети;
- издавање сместувачки капацитети;
- учество во тренинг активности.



# Рурален туризам

## Основни одредби, претпоставки и особини

Руралниот туризам претставува специфичен, алтернативен вид туризам диференциран врз основа на мотивската атрактивност на селските средини со зачувани традиционални карактеристики.

Тоа се средини во кои туристите можат да се занимаваат со пољоделски и сточарски активности, преработувачко и занаетчиско производство со традиционални карактеристики, учество во свечености и манифестации, седенки и фолклорни средби. Туристите ги привлекува незагадената животна средина, чистиот водух и свежата изворска вода, селската идилична колоритност, традиционалната селска архитектура и екстериери, ентериерното уредување и опремување со традиционални содржини, традиционалните семејни односи и средбите со домашните животни и миленичиња.

За туристите од атрактивно значење е традиционална храна и пијалаци. Во тој поглед атрактивно е активното учеството на посетителите како во подготвувањето така во сервирањето и послужувањето. Покрај храната и пијалоците како мотивска атрактивност со традиционалнални карактеристики за туристите е интересна и свежата и биолошки исправна храна и хранаđа со органогени карактеристики. Развојот на руралниот туризам е во врска и со бачилското сточарење како специфичен начин на номадски живот кој претставува посебна атрактивност за туристите. Активностите се однесуваат на учество во напасувањето на овците, нивно молзење и прихранување, преработка на млекото и производство на млечни производи, подготвување и служење на специјалитети сврзани со бачилското сточарење.

Традицијата на бачилското сточарење е присутна во Горна Белица, високиот дел на атарскиот простор на Вевчани, Подгорци, Лабуништа и Лакавица. Развојот на овој вид туризам поседува забележителни рекреативни карактеристики кои се сврзани со разгледување на селските предели и активен одмор.

Во културна смисла овозможува откривање на специфични традиции и елементи кои ги облагородуваат посетителите со својата реткост и некатадневност.



Со развојот на руралниот туризам се овозможува подобрување во користењето на ресурсите и начинот на живот, а во општествено-економска смисла спречување на иселување и отворање на процеси на враќање и доселување на нови жители.

## Одржливост на развојот

Руралниот туризам треба да се свати како стационарна и како временски ограничена форма од видот на излетнички и екскурзивен тип.Тоа подразбира и соодветен пристап во осмислувањето на активностите. Можностите за развој на руралниот туризам се евидентни во повеќе локални средини на планината Јабланица. Такви се селата Мали Влај, Вишни, Горна Белица, Октиси, Вевчани, Подгорци, Лабуништа, Боровец, Јабланица, Пискупштина, Нерези, Луково и Модрич и спомenатите бачилски локалитети.

Состојбите во развојот на овој вид туризам во ова подрачје не се адекватни на можностите. Имено, само во Вевчани се јавуваат почетоци за организиран стационарен рурално-туристички развој. Како пример може дасе наведе дека се уредени само три куќи за давање услуги за ноќевање и три угостителски објекти со автентична понуда за овој вид туризам. Екскурзивни и излетнички форми се јавуваат само во Вишни и Г.Белица. Локалното население треба да знае дека развојот треба да се унапредува по наведените примери. Како охрабрувачки примери можат да се изнесат оние од окружувањето. Во Леринско, Грција на овој вид туризам му се посветува посебно внимание. Исто така, можат да се наведат и развиените форми во Истра, Хрватска. Книќ, Гружа и Ивањица се центри на овој вид туризам во Србија. Во Србија познат регион за развој на рурален туризам е и Рудничко-таковскиот во кој во 2008 г. туристите оствариле 10 000 ноќевања.

## Чекори и активности кои треба да се преземаат во насока на интензивирање на развојот на руралниот туризам

Интензивирањето на развојот на руралниот туризам на планината Јабланица подразбира преземање на активности со кои ќе се овозможи создавање на предуслови. Во оваа смисла неопходно е да се пристапи кон следниве чекори:

-унапредување на инфраструктура која подразбира обезбедување на хигиенски услови за престој (во сите селски средини кои се определени како развојни центри за рурален туризам постои електрификација, комуникации, водовод и санитарни јазли, но канализациските системи не се опремени со пречистителна опрема и изградени вакви станици, а сеуште се присутни септички јами)

-оспособување на вишокот стамбен простор за сместување. Уредувањето подразбира задржување



на традиционалните елементи во опремата без современи средства, но со запазување на удобноста. Како типски пример може да се посочат стандардите кои се применуваат во Сан Џенилијано во Тоскана, Италија.

-категоризацијата на сместувачките објекти претставува општ интерес на туристичкиот развој. Локалното население преку категоризацијата го потврдува квалитетот на услугите, не може да склучува договори за соработка при издавањето и локалниот развој без ваква постапка би бил хаотичен. Затоа ако постои определба за изнајмување сместувачки капацитети треба да се знаат придобивките од категоризацијата.

-активирањето на традиционалните пољоделски и сточарски дејности и збогатување на сточниот фонд и неговата разновидност се во функција на збогатување на програмите кои ќе се составуваат како дневни туристички содржини или дел од распоредот во рамките на аранжманите;

-поттикнување на традиционалното и услужното занаетчиство и сопствено производство на храна и пијалоци има слични карактеристики во збогатувањето на програмите;

-набавка на домашни миленици;

-едукација на населението за давање угостителски услуги;

-едукација на локални водичи;

-организација на приредби со етнографски, фолклорни и традиционални содржини;

-промотивни активности и користење на информатички системи и влегување во бази на податоци;

-склучување на договори со туристичките агенции;

***Типски пример за ваква туристичка понуда е локалитетот Брајчино во проширениот дел од Националниот парк Пелистер.***



## *Рурален туризам*

### *Основни одредби, претпоставки и особини*

Руралниот туризам претставува специфичен, алтернативен вид туризам диференциран врз основа на мотивската атрактивност на селските средини со зачувани традиционални карактеристики.

Тоа се средини во кои туристите можат да се занимаваат со пољоделски и сточарски активности, преработувачко и занаетчиско производство со традиционални карактеристики, учество во свечености и манифестации, седенки и фолклорни средби. Туристите ги привлекува незагадената животна средина, чистиот водух и свежата изворска вода, селската идилична колоритност, традиционалната селска архитектура и екстериери, ентериерното уредување и опремување со традиционални содржини, традиционалните семејни односи и средбите со домашните животни и миленичиња.

За туристите од атрактивно значење е традиционална храна и пијалаци. Во тој поглед атрактивно е активното учеството на посетителите како во подготвувањето така во сервирањето и послужувањето. Покрај храната и пијалоците како мотивска атрактивност со традиционалнални карактеристики за туристите е интересна и свежата и биолошки исправна храна и хранаđа со органогени карактеристики. Развојот на руралниот туризам е во врска и со бачилското сточарење како специфичен начин на номадски живот кој претставува посебна атрактивност за туристите. Активностите се однесуваат на учество во напасувањето на овците, нивно молзење и прихранување, преработка на млекото и производство на млечни производи, подготвување и служење на специјалитети сврзани со бачилското сточарење.

Традицијата на бачилското сточарење е присутна во Горна Белица, високиот дел на атарскиот простор на Вевчани, Подгорци, Лабуништа и Лакавица. Развојот на овој вид туризам поседува забележителни рекреативни карактеристики кои се сврзани со разгледување на селските предели и активен одмор.

Во културна смисла овозможува откривање на специфични традиции и елементи кои ги облагородуваат посетителите со својата реткост и некатадневност.



Со развојот на руралниот туризам се овозможува подобрување во користењето на ресурсите и начинот на живот, а во општествено-економска смисла спречување на иселување и отворање на процеси на враќање и доселување на нови жители.

## Одржливост на развојот

Руралниот туризам треба да се свати како стационарна и како временски ограничена форма од видот на излетнички и екскурзивен тип.Тоа подразбира и соодветен пристап во осмислувањето на активностите. Можностите за развој на руралниот туризам се евидентни во повеќе локални средини на планината Јабланица. Такви се селата Мали Влај, Вишни, Горна Белица, Октиси, Вевчани, Подгорци, Лабуништа, Боровец, Јабланица, Пискупштина, Нерези, Луково и Модрич и споменатите бачилски локалитети.

Состојбите во развојот на овој вид туризам во ова подрачје не се адекватни на можностите. Имено, само во Вевчани се јавуваат почетоци за организиран стационарен рурално-туристички развој. Како пример може дасе наведе дека се уредени само три куќи за давање услуги за ноќевање и три угостителски објекти со автентична понуда за овој вид туризам. Екскурзивни и излетнички форми се јавуваат само во Вишни и Г.Белица. Локалното население треба да знае дека развојот треба да се унапредува по наведените примери. Како охрабрувачки примери можат да се изнесат оние од окружувањето. Во Леринско, Грција на овој вид туризам му се посветува посебно внимание. Исто така, можат да се наведат и развиените форми во Истра, Хрватска. Книќ, Гружа и Ивањица се центри на овој вид туризам во Србија. Во Србија познат регион за развој на руралeн туризам е и Рудничко-таковскиот во кој во 2008 г. туристите оствариле 10 000 ноќевања.

## Чекори и активности кои треба да се преземаат во насока на интензивирање на развојот на руралниот туризам

Интензивирањето на развојот на руралниот туризам на планината Јабланица подразбира преземање на активности со кои ќе се овозможи создавање на предуслови. Во оваа смисла неопходно е да се пристапи кон следниве чекори:

-унапредување на инфраструктура која подразбира обезбедување на хигиенски услови за престој (во сите селски средини кои се определени како развојни центри за рурален туризам постои електрификација, комуникации, водовод и санитарни јазли, но канализациските системи не се опремени со пречистителна опрема и изградени вакви станици, а сеуште се присутни септички јами)

-оспособување на вишокот стамбен простор за сместување. Уредувањето подразбира задржување



## Можности и интереси на локалното население од развојот на руралниот туризам

Руралниот туризам покрај општите влијанија на локалниот, регионалниот развој и развојот на национално ниво претставува можност и локалното население да оствари придобивки кои се содржани во следново:

-остварување приходи од издавање на вишокот стамбен простор на посетителите;

-пласман на производи од сопствено производство во вид на угостителски содржини, што значи продажба без други трошоци како на пример транспортните трошоци и збогатени со услуги какви што се оние од послужувањето;

-остварување на приходи по основ на аранжмански услуги во осмислените пољоделски, сточарски и други активности;

-зголемување на производството на прехрамбени производи;

-зголемено производство на преработки и занаетчиски производи;

-зголемен обем на услуги;

-можност за производство и продажба на сувенири;

## КАКО ДА СЕ ПОЧНЕ СО СЕЛСКИ ТУРИЗАМ?

Локалното население има значајна улога во развојот на селскиот туризам. Тоа може активно да се вклучи во создавањето на туристичката понуда. Формите на вклучување можат да бидат различни и да се изразат низ улога на издавачи на соби, учесници во уредувањето на атрактивните локалитети, помагачи во спроведувањето на аранжманските услуги, водичи и придружници, занаетчиски услуги, промотори и информатори.

- ***Издавањето на соби*** подразбира подготовка која се однесува на создавање основни и атрактивни услови за престој на туристите. Приоритет во оваа смисла треба да се даде во обезбедувањето на хигиената која пред се' се однесува на решавање на санитарните услови. Под вакви услови се сметаат преземањето на активности во насока на создавање на санитарни јазли, односно снабдување со вода за пиење и одржување хигиена и санирање на отпадните води. Одржувањето на хигиената подразбира уредување на просториите и чистење, опремување со хигиенски реквизити и средства за хигиена.



Хигиената треба да се одржува и во дворештето каде покрај редовното чистење треба да се поставaт и корпи за одложување на сметот и табли со апел за чист двор. Најпогодно е ако корпите се обликуваат со автентични материјали на пример како плетарска форма (плетени од разновиден материјал).

- ***Како сместувачки капацитети најповолно е да се користат стари куќи кои ќе се приспособат за ваква намена***. Покрај наведените санитарни и хигиенски услови кои мора да се запазат, неопходно е да се води сметка и за други уредувања. Зачувувањето на автентичниот изглед на куќата подразбира дека при уредувањето на надворешниот изглед треба да се користат материјали од овие предели, а не пластики и слично. Како пример може да се посочи дека поатрактивна е калдрмата од бекатоните. Најдобро е ако не мора да се градат нови објекти, но во услови кога е тоа неопходно и е наменето на ваква активност треба, исто така да се користат автентични материјали како на пример: камен, дрво, трска, слама и сл.

- ***Одржливо искористување на природните ресурси*** може да се реализира преку опремувањето на куќите со централно греење и соларни системи, како и користење на биогасот кој може да се произведува во домаќинствата.

- ***Внатрешноста на куќите*** треба да ја сочува автентичноста. Креветите треба да се од минатото. Најдобро е да се дрвени или стари железни. Душеците да се во вид на сламарица прекриена со ложник  (веленце), при што мора да се води сметка за максимална хигиена. На подот кој трба да е со патос од штици треба да се ставaт простирки кои традиционално се користеле, на пример„черги“. Како амбиентална опременост на зидовите да се стави покуќнина како на пример: ѓумови, тави, стомни и сл. Масата за обед треба да е во вид на софра, а столчињата како троношци.

- ***Исхраната*** треба да ги содржи сите претпоставки традиционалност во поглед на разновидноста и хигиената. Органското производство на храна и локалните специјалитети треба да се основа за создавање на мениите. Традиционалното мени треба да се креира имајќи ги во предвид следниве критериуми: сезонски, празничен, вегетаријански и пости. Сезонскиот критериум подразбира дека менито во различен период од годината да има различни содржини. Празничниот ручек претставува посебно мени сврзано за само тој ден, на пример кашаник за Василица иако може да се подготвува и во други пригоди. Вегетаријанската исхрана се подготвува за посебни гости но може да им се понуди и на другите туристи. Посебно е важно во ова мени да најдат место тревки како киселец и штавај кои имаат автохтон (локален) карактер. Храната за пости е со слични карактеристики и е наменета на оние кои имаат ваков режим на исхрана но може да се понуди на другите посетители. Цената на храната се формира со калкулација на трошоците по внесена содржина и услугата за подготвување и служење.

- ***Продажбата на локално подготвена храна и пијалоци*** можат да бидат интересна за туристите. Тоа се однесува на разни сушени производи како што е сушениот пекмез, сушеното овоштие (сливи, дренки, јаболка) и сушените пиперки и патлиџани. Интересен е ајварот и слатките и џемовите и разните компоти. Од соковите можат да се понудат сокот од дренка, јаболка, круши и диви сливи, а за туристите од посебна важност може да биде домашното вино и ракија. Позитивна сугестија е тие на традиционален и оргинален начин да се пакуваат.

За домашните туристи интересна понуда е заедно со домаќинот да си ја подготвуваат својата зимница, тестенини, месни и млечни производи и слично што би бил успешен викенд со подготовка

на храна за подолг временски интервал. Ваквите активности се интересни за набљудување и од страна на другите туристи.

- ***Изработката на сувенири и нивната продажба*** е во врска со занаетчиските активности. Сувенирите е најдобро да изработуваат од материјали кои ја содржат автентичноста. Како пример може да се посочи користењето на костеновото дрво кое е отпорно на влага и сонце. Тоа и само по себе поради реткоста може да биде интересен сувенир. Народните инструменти како на пример зурлата и кавелот кои во овие предели имаат забележително традиционално значење можат да бидат привлечни за туристите. Во овој контекст можат да се сугерираат народните везови, плетени работи и ткаечки форми. Разновидноста на сувенирите треба да се свати не само како можност за трговија туку и како промотивна дејност која локалната самоуправа треба да ја поддржува.
- ***Односот кон туристите*** треба да е срдечен, да провејува љубезност и отвореност. На туристите треба да им се објасни начинот на живот и обичаите за да можат да ги надминат разликите во културата и културните навики.
- ***Селските слави можат да се стават во функција на атрактивна содржина за туристите***. Во јабланичкиот предел населението е од различна верска и национална припадност што зборува за богатство на различни празнувања и славења. Тоа е причина за меѓусебна посета и зближување. На пример за Велигден се оди на слава кај православните, а за Бајрам кај муслиманите. По аналогија ваквото присуство може да се искористи и во посетата на туристите без разлика на верска припадност. Ова се однесува и на селските слави кои се локално распоредени како на пример Пображење во Вевчани, Св Илија во Лабуништа, Богородица во Подгорци, Св.Спас во Вишни и сл. Семејните слави како имендени во овие села се мошне атрактивни. На пример визитарите за имендeн во Подгорци не мораат да бидат во родбинска врска така што се отворени за широка посета. Но, туристите можат да се поканат и на родендени и јубиларни годишници. За туристите пак можат да се организираат нивни родендени и други слави во селска средина.

Организираната посета на ***манифестации*** претставува добра прилика за пласман на овој вид понуда, но можат да се организираат и други како на пример ден на цветањето на црешата, ден на почитта кон луѓето, ден на селото и сл. Во селските средини можат да се организираат различни приредби со содржини на претставување на различни техники како на пример изработка на ткаении, везови, таписерии, подготвување храна, изложба на животни и презентација на начинот на одгледување, дрводелски и други активности.

Населението кое дава услуги треба да склучи договори со туристичкиоe агенции и да ги промовира своите услуги преку различни ***промотивни материјали*** како на пример проспекти, списанија, каталози, филмови, веб страни и посета на саемски приредби. Успешни примери се постапките на промоција во рамките на руралниот туризам во општините Охрид и Дебрца. Промотивните активности се преземени оваа година - 2009.




ѓомлезе


вршник


пита со месо


биено сирење

## Планинарско пешачење

### Основни одредби и карактеристики

Планината Јабланица претставува атрактивно-мотивска вредност со комплексни карактеристики кои овозможуваат пријатен престој и движење. Тоа значи дека планинарското пешачење претставува активност која има приоритетно значење. Се определува како алтернативна форма сврзана со можноста за задоволување на туристичката потреба токму врз основа на движењето низ планинскиот простор.

### Одржливост на развојот

Во рељефна смисла за туристите привлечностите се содржани во расчленетата структура. Тоа значи дека планинарските патеки можат да се трасираат во зарамнети - помали и поголеми површини окружени со разновидни интересни содржини.

Климатските услови се карактеристични по преовладителните планински карактеристики со релативна умереност која произлегува од медитеранското влијание што доаѓа од просторот на Јадранското Море преку реката Црн Дрим.

Пешачењето како планинарска активност е сврзано со умерените температури на воздухот. Тие се евидентни во сите годишни времиња.

Но, во летниот дел од годината посебно се нагласени поволностите за пешачење. Средномесечните јулски температури на височините од 800 до 1500 м надморска височина на Јабланица се движат од 20ºC до 15ºC што зборува за забележителна свежина.

Во овој дел од годината во се јавува релативно отсуство на врнежи и тоа е посебно поволно за планинско пешачење. Просторот на Јабланица е карактеристичен по извонредната осончаност чие траење изнесува над 2 200 часа во текот на годината и спаѓа во редот на најосончените предели во Р. Македонија. На пешачењето во здравствено рекреативна смисла му погодува вредноста на влажноста на воздухот. Таа на средногодишно ниво изнесува околу 70%, а во летниот дел од годината околу 60% што во оваа смисла има извонредно позитивно значење. Овој планински простор е карактеристичен по забележителната проветреност. Благите планински ветрови на Јабланица го прочистуваат и го освежуваат воздухот, што исто така му погодува на развојот на ваквата туристичка активност.

Пешачките патеки на планината Јабланица можат да се трасираат покрај и преку реки и потоци со кои обилува овој простор, што претставува прилог во различност на просторните форми и зголемената атрактивност за ваква намена. Атрактивноста на просторот за трасирање на ваквите патеки е содржана и во шумовитоста која е забележителна како по својата густина така по својата разновидност. Имено, патеките можат да се трасираат во катно разместената шума од костенова, дабова и букова состоина. Низ трасираниот простор може да се наиде на вековно стари стебла што претставува извонредна привлечност содржана како во засенетоста која придонесува за свежината тука и егзотичноста на ваквите природни амбиентални простори.

Привлечност претставува и можноста патеките да се протегаат во шумски чистини, ливади и пасишта со различна растителност.

Пешачките патеки треба да се трасираат и во локалитети со културни вредности какви што се високите селски средини како Вишни, Горна Белица Јабланица и Лакавица, бачилата и бачилските остатоци, црквите во Вишни или до највисоките предели како црквата Парумба над Горна Белица или култните објекти како Невестински гроб во високиот атарски простор на Подгорци.

Развојот на оваа алтернативна форма подразбира пред се задоволување на рекреативните потреби, но егзотичноста и антропогените вредности се во функција на задоволување на потребата за културно облагородување на пешаците кои ги користат планинските патеки. Пешачките планинарски патеки треба да се трасираат од Октиси кон Вишни и Горна Белица до Парумба и голината, од Вевчани кон Вевчанските бачила до Вевчанското Езеро, од Подгорци кон Невестински Гроб, Подгоречките бачила и Подгоречкото Езеро, од Лабуништа кон Лабунишките бачила и лабунишките езера, од Боровец кон Лабунишките бачила и лабунишките езера, од Боровец кон Јабланица и Лакавица и од Луково, Нерези и Пискупштина кон голинскиот простор. Како примери во нашето окружување за трасирани и обележани патеки и патеки кои се користат за ваква намена ќе ги посочиме оние во националните паркови Пелистер и Галичица.

Планинарското пешачење на планината Јабланица е алтернативна туристичка форма чиј развој не бара големи финансиски вложувања. Тоа не бара посебни интервенции во природата, овозможува користење на постојните шумски патишта и патеки, постои можност за трасирање на нови патеки, како основа се користи изворната природа која поседува вакви можности и не ја загрозува заштитената животна средина.



### Чекори кои треба да се преземат во насока на интензивирање на планинарското пешачење

Сепак потребно е да се преземат определени активности со кои ќе се овозможи одвивање на ваквите активности. Во оваа смисла треба да се преземат следниве чекори:

- утврдување, трасирање и обележување на постојните и евентуално утврдување на нови планински пешачки патеки;

-определување на локации за одмор (како примери можат да се посочат бачилата во атерите на Г.Белица, Вевчани, Подгорци, Лабуништа и Лакавица и локациите на поранешните караули. Оправданост за ваков избор треба да се бара во можноста за користење на постојните и напуштените санитарни форми на овие локалитети);

-определување на локации за информирање, промоција и разгледување на планинскиот простор низ кој се одвива овој вид планинарење долж утврдените патеки;

-определување на природни возвишенија за видиковци по примерот на Националниот парк Пелистер;

-тренинг активности за водичи и придружници (како пример за успешност треба да се искористи можноста за користење услуги на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, кој се наоѓа во непосредна близина на оваа планина, а со закон е овластена институција и има најголемо искуство во државата и на Балканскиот Полуостров во вакви активности);

- уредување на стамбениот простор за издавање и приспособување кон стандардите во давањето на угостителски услуги.

-пласман на туристичката понуда преку туристичките агенции и интернет.





### Можности и интереси на локалното население од развојот на планинарското пешачење

Развојот на оваа алтернативна форма покрај општите функционални карактеристики има позитивно влијание на локалното население. Локалното население може да се вклучи на следниов начин:

-учество во водички активности;

-изнајмување на товарни средства;

-помош во транспортот;

-вработување во туристичките агенции, бироа и угостителските објекти;

-остварување приходи од издавањето на станбениот простор, служењето храна и пијалаци и други стоки и услуги;

-користење на патеките за рекреација на локалното население.

## Планински велосипедизам

### Дефинирање и карактеристики

Планинскиот велосипедизам се јавува како алтернатива на класичниот велосипедизам кој се одвива во рамни простори или во простори со релативно благи наклони. Во неговата основа е содржана потребата од велосипедско совладување на предели со бројни нерамнини и тешко проодни карактеристики за вакво возење и пред се совладување на планинските страни.
Велосипедските патеки од овој вид се карактеристични по рељефна и почвена структура со различните наклони и присуство на камените, водотечни вегетациски и други пречки, како и комуникации кои водат до вакви терени. Неговиот развој има рекреативни и спортски карактеристики. Тоа значи дека туристите припаѓаат на структурата на побарувачката која има рекреативни потреби сврзани со велосипедизмот, љубов кон природата и желба за соочување со предизвици.



## *Одржливост на развојот*

За развој на планинскиот велосипедизам на планината Јабланица како национален парк може да се искористат и постоечките асфалтни и шумски патишта, во зоната за одржливо искористување и зоната за активно управување. Така се избегнува масовниот тип на велосипедски туризам и особено спортските натпревари кои не смеат да се одвиваат во заштитеното подрачје. Патни комуникации на оваа планина има до сите населени места и до Горна Белица која е и највисока точка на досегање. Покрај тоа, на овие комуникации се надоградени шумски патишта кои се протегаат до голините и пасиштата. Исто така, изградени се попречни вакви патишта во високиот претежно шумски појас од Вишни и Г. Белица, преку Вевчани, Подгорци Лабуништа и Боровац до Јабланица и Лакавица. Овие патишта минуваат во предели со споменатите природни предуслови. За развој на оваа алтернативна форма можат да се искористат и шумските патеки кои биле во функција на товарниот превоз со животни и движење на животните за напасување.

предуслови. За развој на оваа алтернативна форма можат да се искористат и шумските патеки кои биле во функција на товарниот превоз со животни и движење на животните за напасување. Определувањето велосипедски патеки треба да се изврши со големо внимание со цел да не се предизвикаат негативни последици во природата. Користењето на постојните патишта и патеки на Јабланица се во контекстот дека планинскиот велосипедизам, како алтернативна форма на туристичка активност се врзува за природните предиспозиции на просторот, така што во него не се интервенира во процесот на трасирање на патеките.

И покрај погодните природни предиспозиции ваква активност на планината Јабланица не е започната.



*Пример од Р. Македонија кој може да се искористи како охрабрувачки е патеката на Водно.*

### *Чекори и активности кои треба да се преземат за да започне развојот на планинскиот велосипедизам*

Развојот на ваквата алтернативна форма на туристичка активност подразбира редоследно преземање на следниве активности:

-утврдување и обележување на велосипедските патеки;

-поставување информативни табли со картографски содржини во Струга и населените места од кои започнува протегањето на патеките;

-набавка на велосипеди за почетници;

-изнајмување на велосипеди за ваква намена;

-едукативни активности во насока на можност за давање помош во услови на појава на незгоди;

-едукација и стекнување на квалификација за давање сервисни услуги и обезбедување вакви услуги за велосипедите;

-формирање здравствена и безбедносна служба.

-отворање на интернет страна и потпишување договори за соработка со туристички агенции;

-промотивни активности.

### *Придобивки на локалното население од развојот на планинскиот велосипедизам*

Локалното население покрај можноста за пласман на своите производи и добивањето приходи од издавањето стамбен простор својот интерес во развојот на ваквата дејност може да го најде во следново:

-учество во организацијата на активностите сврзани со одвивањето на рекреативниот и спортскиот, планински велосипедизам;

-самовработување и вработување во дејностите кои се во функција на одвивање на ваквата алтернативна форма туризам;

-учество во давањето сервисни, здравствени и безбедносни услуги;

-издавање велосипеди.



# *Алпинизам*

## *Основни одредби и карактеристики*

Алпинизмот е една од најпопуларните алтернативни форми на туризам. Етимолошки потекнува од освојувањето на Алпите кои пак се синоним за високи планини. Активностите претставуваат освојување на високите врвови и стрмни отсеци. Треба да се констатира дека ваквите рељефни форми претставуваат основа за развој на оваа дејност.

Карактеристично е дека се работи за алтернативна туристичка форма во која сезонските влијанија не се нагласени како кај другите видови туризам и алтернативни активности.
Ваквата вредност овозможува проширување на сезоната.

Со алпинизмот се занимаваат посетители кои се добро извежбани за освојување на високите врвови под било какви временски услови, но и почетници. За разлика од алпинистите кои се добро истренирани, почетниците во алпинизмот наоѓаат можност да се стекнат со знаења и вештини за совладување на височините. За оваа намена се користат отсеци во планинскиот простор.Покрај тоа на карпестите отсеци можат да се организираат тренинг искачувања за почетници.

## *Одржливост на алпинизмот*

Планината Јабланица спаѓа во групата млади верижни планини што значи дека се работи за расчленета планина со стрмни страни кои се интересни за освојување. Сепак, мал е бројот на простори за алпинистичко искачување. Најимпресивна можна патека е искачувањето на Чума. Како простор пак за тренинг акивности и организирање алпинистичко искачување може да се искористи отсекот на Црвен Камен.

Вакви активности на планината Јабланица досега не се забележани. Според тоа, алпинизмот треба да започне да се развива. Алпинизмот како алтернативна форма на Јабланица треба да ги користи природните, пред се геоморфолошките карактеристики на просторот. Тој не бара некои позабележителни интервенции, ниту пак е врзан со инвестициони вложувања. Активирањето на оваа туристичка форма е можно во релативно краток временски интервал. *Алпинизмот на Јакупица во Р. Македонија, Стара Планина и Алпите во Словенија се примери за успешен развој и можат да се користат во споменатите локалитети на Јабланица.*

## *Чекори и активности кои се неопходни за започнување на развојот на алпинизмот*

Започнувањето на развојот на овој вид туристичка активност подразбира конкретни активности во рамките на планината Јабланица како национален парк. Промоцијата на можностите и запознавањето со нив треба да им помогне на туристичките агенции да пројават интерес за вклучување на овие услуги во својата понуда. Во овој контекст треба да се вклучат и невладините организации од планинарски и алпинистички вид и на своите членови да им ги презентираат можностите за користење на вредностите што ги дава оваа планина.

Сепак, во насока на активирање на развојот покрај споменатите пристапи треба да се преземе и следнове чекори:

-утврдување на алпинистичките патеки;
-определување локации за логорување

и одмор (за оваа намена можат да се искористат веќе посочените локации за одмор во рамките на развојот на планинското пешачење);

-уредување на отсеци за искачување;

-обезбедување на транспорт како помош во искачувањето;

-организирање тренинг алпинистички активности и

-креирање на туристичка понуда, користење услуги на туристички агенции и отворање интернет страна.

### *Можности и интереси на локалното население*

Покрај општите позитивни влијанија кои ги има развојот на алпинизмот, определени непосредни користи би имало и локалното население, какви што се следниве:

-изнајмување на вишок стамбен простор;

-пласман на стоки, храна и пијалоци;

-изнајмување животни за транспорт и придружување на алпинистите;

-изнајмување опрема за алпинисти почетници.

## *Параглајдерство*

### *Дефинирање и карактеристики*

Параглалдерството претставува летечка алтернативна форма која овозможува со помош на посебно летало да се совладува просторот по воздушен пат. Се добива впечаток дека со летењето на овој начин параглајдеристите всушност, својата активност ја темелат на имитацијата на летот на птиците. При тоа, ги користат воздушните погодности како што се благите ветрови или воздушните тишини, отсуството на магла и слабата облачност. Исто така, основа за развој претставуваат и високите врвови и отсеци кои се користат за полетување.

Туристичката клиентела во оваа активност е клиентела со специфични афинитети и склоности. Основа на параглајдерството се рекреативноста и куриозитетноста во издигнетоста над планинскиот простор. Богатството на различни природни и антропогени содржини овозможуваат ретко пејсажно и панорамско доживување. Тоа се однесува не само на тесниот планински предел туку и на целиот регион, исполнет со извонреден колорит и ретка комбинација на вода и копно и шумовитост.

Со ваквата активност можат да се занимаваат само извежбани параглајдеристи. Затоа е потребно просторните погодности да се искористат и како можност за тренинг активности за параглајдерство за што можат да послужат и пониските врвови.

### *Одржливост на параглајдерството*

Планината Јабланица претставува простор карактеристичен токму по благите ветрови, слабата облачност и отсуството на магла. Тоа е извонредна можност за користење од страна на искусните параглајдеристи и тренинг активностите. Во оваа смисла погодни се и високите врвови над 2000 м. на оваа планина, така што Црн Камен (2 259 м), Стрижек (2 233 м), Крстец (2 186 м) и Радуч (2 033 м) кои можат да бидат локации за полетување на пораглајдеристите. Како полетни локации посебно треба да се истакнат и Чрвен Камен кој е веќе утврден како локација за тренинг-алпинистички

активности и Пиристи Камен зато што имаат отворена и лесна пристапност, простор за залетување и отсек кој овозможува добра височина при полетувањето.

Поволноста е проверена со успешно изведениот скок на параглајдерист во 2006 год. кој од Црвен Камен слета на локацијата Нарид во Подгорци. Но, тоа е единствен остварен лет, што значи дека ваквата активност нема организациски карактеристики.

Како пример кој може да охрабри во преземањето на активности околу развојот на ваквата алтернативна форма е параглајдерството во Националниот парк Галичица, од врвот Магаро кон охридските плажи.

Самиот развој не бара некакви интервенции во просторот, со што би се загрозила природата, не бара финансиски вложувања на уредување на просторот за ваква намена, туку ги користи природните предиспозиции и може веднаш да пристапи кон почетоците на одвивањето на активностите.

## Чекори и активности кои треба да се преземат за започнување со параглајдерството

Активностите кои треба да се преземат за да заживее параглајдерството редоследно се однесуваат на следново:

-утврдување на локалитетите за полетување и слетување;

-одржување тренинг активности;

-обезбедување транспорт;

-утврдување локации за одмор и освежување;

-користење на служба за спасување и здравствено згрижување;

-отворање интернет страна и остварување соработка со здруженија на параглајдеристи и туристички агенции.

## Можности и интереси на локалното население од развојот на параглајдерството

Развојот на параглајдерството како туристичка алтернативна форма покрај општите функционални карактеристики овозможува и придобивки за локалното население. Тие треба да бидат во насока на:

-изнајмување сместувачки капацитети;

-учество во давање угостителски услуги;

-изнајмување на домашни животни за транспорт и придружба;

-учество во тренинг за параглајдерски активности и активности на спасување и прва помош.



## Јавање

### Основни одредби и карактеристики

Јавањето може да се наблудува како посебна алтернативна туристичка активност во рамките на руралниот туризам како содржина на престој и занимавање со пољоделски и сточарски работи. Тоа е и превозничка категорија кај видовите туризам и алтернативните форми, кои се зависни од ваквите услуги. Но, јавањето може да биде и посебна туристичка понуда.

За одвивање на ваквите активности се користат товарните животни. Покрај јавањето коњи, егзотично значење има користењето на магариња и маски за ваква намена. Тоа значи дека со јавање можат да се занимаваат не само искусни јавачи туку и почетници.

Ракреативната содржина на ваквата активност се огледува во атрактивноста на природни целини низ кои се јава. Планинските предели проткаени со извонредна вегетациска структура претставуваат извонреден простор за ваква активност.

### Одржливост на развојот

Можностите за развој на јавањето во овие предели се темелат на традицијата за негување на товарни домашни животни. Планинските непристапни предели најлесно се совладуваат со помош на овие животни. Во блиското минато, скоро дека немало куќа која што била без едно или повеќе грла. Љубовта на локалното население кон овие животни претставува традиционална вредност. Стаите и плевните лесно можат да се стават во функција така што претставуваат реални материјални ресурси. Атрактивноста на шумскиот простор на Јабланица му погодува на развојот. Оосебно се погодни широко-
распространетите голински простори на ливади и пасишта кои се застапени во високите делови од планината. На оваа планина нема организирано јавање како алтернативна туристичка активност. Тоа значи дека со јавањето треба да се започне како со дел од туристичката понуда. Оправданоста за започнување треба да се бара во фактот дека не се потребни забележителни предуслови. Во насока на почетоците на развојот оди во прилог што оваа активност не ја загрозува животната средина и не бара посебни интервенции во просторот. Шумските патишта и патеки кои веќе постојат се основната претпоставка на започнување со ваква дејност.

Охрабрувачка форма, како пример од окружувањето е карванското јавање магариња од подножјето на планината до Велестово, во границите на Националниот парк Галичица. Тоа беше оценето како извонредна атракција за странските гости на Охридската ривиера.



## Чекори на активности кои треба да се преземат за почетен развој на оваа алтернативна форма

Јавањето како алтернативна туристичка форма е сврзано со создавање на основи услови за развој. Бидеќи состојбите покажуваат дека оваа форма не се јавува како посебна традиција, неопходно е да се пристапи кон преземање на почетните чекори и активности кои имаат развојни карактеристики:

-активирање на старите стаи и плевни и изградба на објекти во насока на создавање услови за одгледување на животните;

-набавка на животни и унапредување бројноста и разновидноста на животните за јавање. Состојбата покажува дека магарето во овие предели е пред исчезнување, а маските и мулињата скоро дека ги нема. Неопходно е нивна заштита и обновување. Охрабрувачки пример за преземање на ваков чекор е заштитата на магарето во Истра.

-утврдување и обележување на патеки и просторни целини за јавање;

-обезбедување тренинг активности;

-воспоставување на санитарни и хигиенски услови;

-здравствено згрижување и прва помош;

-обезбедување сместување и други угостителски услуги;

-воспоставување соработка со туристичките агенции и отворање интернет страна.

## Можности и интереси од развојот на јавањето

Јавањето како алтернативна активност може да биде можност за остварување на определени користи што би ги имало локалното население. Тие можат да се систематизираат на следниов начин:

-учество во организацијата на ваквите активности;

-приходи од изнајмување на животните;

-изнајмување на објектите за одгледување на животните;

-издавање на сместувачки капацитети и давање други угостителски услуги;

-учество во тренинг активностите;

-користење на товарните животни за обавување на другите активност кои се од значење за подобрување на основните животни активности на локалното население и

-учество на локалното население во рекреативните активности од овој вид.



## Набљудување на птици

### Основни одредби и карактеристики

Еден од најзначајните алтернативни форми туризам во современата понуда во светот е набљудувањето на птиците. Ваквата појава произлегува од фактот дека урбанизацијата ги потискува птиците и го намалува просторот за нивниот опстанок. Птиците оптимални услови за опстанок наоѓаат во чисти средини какви што се планинските предели. Затоа се поголем број туристи се во потрага по можност да ги сретнат. Атрактивноста на птиците е содржана во нивната убавина, во изгледот, звуците и тоновите со кои ја припитомуваат животната средина. Овие компоненти на убавина меѓусебно се поврзани. Така пријатното чуство од набљудувањето на птиците се комплетира со птичјата мелодичност. За туристите, набљудувачи на птици, посебно значење имаат летачките можности. Прелетите на јата и смената на водењето на јатото, импресивните движења, птичјите игри, меѓусебните борби за превласт на животниот простор и начинот на совладување на височините кај туристите оставаат силен впечаток и вистинско доживување. Свое место во оваа алтернативна туристичка форма имаат и ретките и егзотични птици. Нивното фотографирање и следење со камера е една од можните активности во рамките на овој вид туризам.



### Одржливост на развојот

Планината Јабланица е едно од најпогодните планински подрачја во Р.Македонија по условите кои овозможуваат вгнездување на птиците како високолетачи, така и нисколетните појни птици. Географската положба на ова подрачје во континеталниот климатски умерен појас меѓу субполарниот и медитеранскиот простор овозможува набљудување на интересни прелети на селиците. Тоа упатува на голема застапеност и разновидност. Такви активности во организирана форма не се присутни во ова планинско подрачје, иако локалното население релативно добро ги препознава птиците и нивните карактеристики.

Почетокот на развојот, не бара посебни интервенции во просторот. Активноста може да започне веднаш. Понекогаш по потреба се изградуваат посматрачници или набљудувачници на места и облик дефинирани од експерти-орнитолози.

Исто така пожелно е на почетокот на одвивање на ваква активност, да се набават двогледи и телескопи со кои можеповоочливо да се набљудуваат птиците и да се откријат и најмали форми на активност како привлечност.



## *Чекори и активности кои треба да се преземат во развојот на оваа форма*

Почетокот на развојот на оваа алтернативна форма подразбира преземање на определени редоследни активности кои не ја загрозуваат животната средина во планинскиот простор на Јабланица. Меѓу нив од приоритетно значење се следниве:

-определување и уредување на локации за наблудување на птиците;

-уредување на локации и за тренинг активности, презентации и симулации за орнитолошките појави и процеси;

- организација на водички активности, придружба и превоз.

## *Можности и интереси за локалното население од развојот на оваа алтернативна форма*

Набљудувањето на птиците како туристичка алтернативна форма има позитивно влијание. Локалното население придобивки може да најде во следниве рамки:

-издавање на вишок стамбен простор и давање други угостителски услуги на љубителите на природата;

-учество во тренинг активностите;

-давање водички, придружнички и транспортни услуги.



## Нордиско трчање

### Дефинирање и карактеристики

Нордиското трчање претставува активност содржана во движењето по снежните површини. Тоа ги користи зарамнетите снежни простори кои се совладуваат со скии. Оваа активност може да биде рекреативна и спортска. Но, бидејќи во националниот парк не е дозволена организација на спортски натпревари развојот се врзува за рекреативните можности.

### Одржливост на развојот

Планината Јабланица е карактеристична по траењето на снежната покривка со висина од 15 см. во период од четири до пет месеци во годината. Тоа значи дека постојат реални можности за развој на нордиското трчање.

Најповолна локација за вакви активности на планината Јабланица е Лакавица. Поткрепа за ваката определба се наоѓа во Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.

Развојот на оваа туристичка активност не ја загрозува животната средина зато што ги користи природните предиспозиции на просторот и не бара посебни интервенции со кои би се обезбедило нејзиното одвивање.

Исто така, не се потребни финансиски вложувања, а периодот на активирање е релативно краток.

Сепак состојбите покажуваат дека не се јавуваат форми на ваков развој, што значи дека треба да се осмисли почетокот на одвивањето на нордиското трчање во нардниот период.

### Чекори и активности кои треба да се преземат за почеток на развојот на ваквите алтрнативни форми

Почетокот на развојот на нордиското трчање подразбира преземање на определени редоследни активности. Иако ги користи природните предиспозиции на просторот сепак подразбира организиран пристап. Во таа насока како неопходно е да се обрне внимание на следново:
- сигнализација и обележување патеки за одвивање на активноста;
-тренинг активности;
-обезбедување сместување и други угостителски услуги;
-санитарно и хигиенско уредување и опремување;
-лекарска и безбедносна помош.

### Можности и интереси на локалното население од разојот

Локалното население во развојот на овие алтернативни форми придобивки наоѓа во следново:
- учеството во организацијата на активностите;
-изнајмување стамбен простор и давање угостителски услуги;
-учество во тренинг активностите;
-учество во безбедносна помош и здравствени услуги.



# Сликање пејзажи и шумски амбиенти

## Основни одредби и карактеристики

Планинските пространства и амбиентални целини претставуваат инспирација за уметничко творештво. Сликарството е една од најпогодните активности за престој како на уметниците така и на студентите и учениците, односно аматерите - љубители на оваа уметност. Како пример за поврзаноста на природата и уметноста можат да се наведат потрагите по инспирации во Алпите.

## Одржливост на развојот

Содржинските карактеристики на Јабланица во оваа смисла се неисцрпни. Целиот простор на оваа планина може да биде предмет на интерес на вљубениците во сликарството.

Изнаоѓањето на ретки и маркантни облици и форми ја потенцира куриозитетноста како интерес за интерпретацијата. Убавината на просторните содржини, нивната харнонија на бои, линии и форми како естетска димензија се соединува со убавината на сликата создадена врз основа на креативноста и инспиративноста. Овој вид на алтернативна туристичка креативна форма претставува можност за организација на сликарски колонии како посебна и мошне интересна манифестација. ***Примери за успешна ликовна колонија можеме да посочиме од блиското окружување како Колонијата во Дебрца.***

Но вакви појави во организирана форма не се присутни на ова подрачје. Постојат само појави на сликање на пејсажи од страна на локални сликари.

Активноста не ја загрозува животната средина, претставува фактор на промоција и афирмација на Јабланица, не бара финансиски вложувања за развојот, не подразбира било каква интрвенција во просторот и може да се поттикне за релативно кратко време.

## Активности кои треба да се преземат за развојот на ваквата алтернативна форма

Сепак, покрај стандардните активности неопходно е да се преземат и следниве:

-промотивни активности за пејсажните и амбиенталните карактеристики на Јабланица како инспирација за создавање уметнички дела;

-ангажирање на сликари како едукатори и учесници во сликарски колонии;

-организирање сликарски школи со специјализирани теми;

-организирање школи во природа во чии рамки место наоѓа и ликовното воспитување;

-организирање изложби со создадените дела.



## *Можности и интереси на локалното население од развојот на сликарството на планинските пејзажи и амбиенти*

Локалното население покрај универзалните придобивки може да има и посебни ползи од развојот на оваа алтернативна форма. Тие можат да бидат од следниов карактер:

-учество во организацијата на сликарските активности и сликарските колонии;

-учество во превоз, сместување и давање угостителски услуги;

-учество во едукативни активности.

# *Трим движења*

## *Дефинирање и карактеристики*

Трим активностите се таква алтернативна форма во која учесниците се движат во комбинација на трчање и пешачење по природно диспонирана патека низ шумски предел.Трим патеката има пречки кои се етапно разместени. Тие можат да бидат природни елементи искористени без поместување или елементи кои се поместени на патеката.
Природните пречки од изворен карактер можат да бидат камења, трапови, бразди, водотеци, стари пресечени стебла, испакнати корени и слично.
Поместените елементи на трим патеката се исто така од различен материјал но со пиродно, автохтоно потекло.
Оваа алтрнативна форма е карактеристична по рекреативните карактеристики сврзани со движење и престој во шумска средина. *Како пример за успешно функционирање на трим активностите можеме да го наведеме Кошутњак во Белград , Србија.*



### Одржливост на развојот

Рељефната структура, почвените облици, потоците, шумското богатство и неговата разновидност на Јабланица овозможува трасирање на трим патеки на голем број локации. Најповолни се премините од еден кат во друг поради разновидноста на шумската вегетација.

Овој вид на активност не ја загрозува животната средина и не бара забележителни интервенции во просторот. Но, треба да се внимава максимално да се искористат природните предиспозиции.

Иако постојат услови ваква форма на активност на Јабланица не се постои. Тоа значи дека креирањето на развојот треба да биде од самиот почеток.

### Активности кои треба да се преземат во функција на развојот

Оваа алтернативна форма подразбира преземања кои се неопходни за да можат да се одвиваат трим активностите. Тие се однесуваат на следново:

-трасирање и уредување и опремување на трим патеките;

-организирање натпревари во трим трки;

-тренинг активности;

-санитарно и хигиенско уредување и опремување;

-обезбедување здравствена помош.

### Можности и интереси на локалното население од развојот на оваа алтернативна форма

Локалното население може да има стандардна корист каква што е давањето угостителски услуги и пласман на своите производи кои ќе ги користат посетителите корисници на трим патеките и публиката. Но, може да има и посебни придобивки како:

-остварување приходи од билети за користење на патеката;

-учество во тренинг активностите,

-давање здравствени и безбедносни услуги.

## Логорување

### Основни одредби и карактеристики

Логорувањето претставува алтернативна туристичка активност диференцирана врз основа на видот капацитети за сместување. Во оваа активност се подигаат шатори или се спие на отворено во специфични вреќи за таква намена. Активноста поседува две компоненти.

Едната е рекреативна. Таа е содржана во желбата на посетителите да бидат во директен контакт со природата под отворено небо. Да се почуствува свежината на чистата природа, во сите делови од денот, од утрата до ноќите.

Втората е социјална и се однесува на другарување во природен амбиент.



Примери за вакви појави можат да се посочат од различни средини но сметаме дака најсоодветни се логорувањата во Националниот парк Пелистер.

## *Одржливост на развојот*

Појава на логорување на Јабланица се јавува во рамките на веќе споменатите походи, но организирана форма на ваква активност не се јавува. Овие појави се само охрабрувачки фактор за изводливоста во спроведувањето на логорувањето. Развојот не бара посебни интервенции во просторот туку се користат природните предиспозиции.

Како најповолни локации за логорување на Јабланица можат да се искористат напуштените бачила и караули, како и локациите со проретчена шума и премините од шума во голински дел.

Со оглед на тоа дека не постои организирана форма на развој тој треба да се прифати активностите треба да се прифатат како почеток.

## *Чекори и активности за започнување на развојот на логорувањето*

*Р*азвојот на логорската форма не бара посебни инвестициони вложувања и не е во колизија со стабилната животна средина. Таа не бара ни многу ангажирање но сепак е потребно да се преземат следниве активности:

-определување и уредување на локации за логори;

-санитарно и хигиенско уредување и опремување;

-обезбедување транспорт.

## *Можности и интереси на локалното население од развојот на оваа алтернативна форма*

Локалното население од развојот на оваа алтрнативна форма може да ги остварува стандардните придобивки. Тие се однесуваат на обезбедување транспотрни услуги и придружба од населените места до логорите.





***За крај би ги навеле Хербалниот туризам и Спелеолошкиот туризам како дел од алтернативните форми на туризам за коишто сметаме дека е неопходно за се имаат посебни обуки од стручни лица (еколози, спелеолози, биолози). Несомнено на Јабланица има можност за развој на овие две форми, но претходно мора да се има предвид деликатноста на истите.***

## *Хербален Туризам*

Пред било какво започнување со хербален туризам, населението мора да има предвид дека има точно одредени насоки како да се собираат растенија за да не се уништат трајно одредени видови. Исто така изнесување на растителен или животински материјал од државата е казниво со закон затоа што многу растенија и животни се заштитени со меѓународната конвенција CITES која забранува тргување и преминување на граница со таков материјал.

## *Спелеолошки туризам*

На планината Јабланица идентификувана е само една пештера која во иднина може да се искористи за развој на спелеолошкиот туризам. Пештерата Вевчански Извори од страна на експертите кои се занимаваат со вреднување на вакви форми е рангирана во групата значајни пештери и заштитена е како Споменик на природата. Нејзиниот влез е доста тесен така што влегувањето во пештерата е отежнето.

Ова значи дека пештерата сеуште не е доволно проучена и засега нема можности да се користи како туристичка атракција туку само во насока на едукативни и научно-истражувачки активности.



# Содржина:


**Вовед**..........................................................................

**Еко-туризам**..........................................................................

**Основни определби, можности и карактеристики**..........................................

**Одржливост на развојот**..........................................................................

**Насоки за реализација (од идеа до реализација)**..........................................

**Улога на локалното население во функционирањето на**
**еко-туристичките активности**..........................................................................

**Рурален туризам**..........................................................................

**Како да се почне со селски туризам?**..........................................

**Планинарско пешачење**..........................................................................

**Планински велосипедизам**..........................................................................

**Алпинизам**..........................................................................

**Параглајдерство**..........................................................................

**Јавање**..........................................................................

**Набљудување на птици**..........................................................................

**Нордиско трчање**..........................................................................

**Сликање пејзажи и шумски амбиенти**..........................................

**Трим движења**..........................................................................

**Логорување**..........................................................................

**Хербален Туризам**..........................................................................

**Спелеолошки туризам**..........................................................................